This project is funded by the European Union



# “Истражување за соработката во заедниците”

## Платформа за инвестиции во заедницата

Октомври, 2021
Фондација Албиз

Платформа за инвестиции во заедницата (ПИЗ)

Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија

Спроведувачи: Фондација Албиз од Скопје, Мултикултура од Тетово, ЦСЦД од Дебар и НОВУС од Струмица

Сите ставови изразени на оваа истражување се на авторите и не мора да ги претставуваат ставовите на Европската Унија.

Издавач: Фондација Албиз

Консултантска куќа: СЕГ-ХОЛДИНГ

# СОДРЖИНА

Резиме........................................................................................................ 1

Методологија на истражување..................................................................................... 4

Наоди од истражувањето ........................................................................................... 6

Потребите на жителите на заедницата .......................................................................... 7

Инвестиции на претпријатијата во заедницата.................................................................12

Соработката во заедницата ........................................................................................ 15

Анекс 1. Прашалник за граѓанските организации ........................................................... 24

Анекс 2. Прашалник за претпријатијата ....................................................................... 27

# Резиме


Примарната цел на ова истражување беше утврдување на соработката на жителите со единиците на локална самоуправа, при што фокусот беше насочен кон вклученоста на жителите во активностите кои ги преземаат локалните актери за задоволување на потребите од јавен интерес, координација на локалните групи од интерес и соработката со јавните институции.

Локалните групи од интерес изразуваат потреба и волја активно да се вклучат во дизајнирањето на развојните стратегии за нивната област, затоа што сметаат дека тие најдобро ги идентификуваат потребите и критичните точки во развојот на локалната заедница. Покрај граѓанските организации, и бизнис заедницата смета дека е важно да учествува во управувањето со јавните програми на локално ниво, со цел да ги реши сопствените потреби за поттикнување на економскиот раст.

Анализата на инвестициите на претпријатијата во заедницата покажува дека најчести инвестиции се оние кои влијаат врз подобрувањето на продуктивноста на работната сила (31% од инвестициите во заедницата). Инвестициите во заедницата најчесто се реализираат во местата и секторите каде што тековните активности не ги задоволуваат целосно потребите на заедницата. Јавниот сектор се повеќе се потпира на приватниот и граѓанскиот сектор во надминување на тековните предизвици, особено кога станува збор за работната сила и недостатокот на вештини.

Колку и да се различни сферите на дејствување на локалните субјекти (политика на пазарот на труд, економски развој, социјални вклучување, квалитет на живот), заедничка цел на соработката меѓу јавните институции, граѓанските организации и претпријатијата е подобрување на управувањето со локалните политики, колективно решавање на проблемите и задоволување на потребите на засегнатите страни. Граѓанските организации, претпријатијата и различните нивоа на власт, треба да воспостават соработка и заедно да ги дизајнираат секторски стратегии, да креираат локални политики и да преземат иницијативи во согласност со заедничките приоритети.

Од анализата на механизмите за соработка со кои се соочуваат главните актери произлегоа следните проблеми: непостоење на рамка на националната политика за соработка и слаба вертикална координација во јавните институции; не инклузивен пристап на јавните служби при имплементацијата на политиките; и недефинираните правила на одговорност.

Локалните институции се најтесно поврзани со жителите. Тие ги примаат нивните барања, а пак жителите вршат притисок за решавање на нивните барања. Ваквата констелација на односите меѓу локалната администрација, граѓанското општество и граѓаните нужно наметнува соработка со широк консензус во рамките на локалната заедница.

Во насока на развивање и зајакнување на соработката на локално ниво, јавните институции треба да ги идентификуваат потребите на задницата. Претпријатијата и

граѓанскиот сектор може да претставуваат силен извор на информации за потребите на локалната заедница. Врз основа на добиените резултати од прашалникот во кој беа опфатени 51 граѓанска организација и 31 претпријатие од Дебар, Струмица, Скопје и Тетово, може да се утврди дека 45% од испитаниците се добро запознаени со потребите на локалната заедница, а 37% се изјасниле дека се делумно запознаени. Не е голем процентот на локалните граѓански организации и претпријатија што не се запознаени со локалните потреби т.е. 18%.

Анализата на резултатите од анкетата покажува дека најголемите потреби на жителите на задницата се подобрување на состојбата со младите и еднаквоста на жените (22% од одговорите), подобрување на локалната инфраструктура (22% од одговорите) , по што следува подобрување на здравството со 14%, образованието со 13%, работните места со 12%, социјалните услуги со 11%, и животната средина со 5%.

Граѓанските организации исто така сметаат дека најголеми се потребите за подобрување на состојбата со младите и еднаквоста на жените со 29%, додека претпријатијата сметаат дека најголеми се потребите за подобрување на локалната инфраструктура со 33%.

Жителите во различните регионите имаат различни потреби, но сепак како еден од главните приоритети во сите региони е подобрување на состојбата со младите и еднаквост на жените.

Просечната оценка на перцепцијата на граѓанските организации и претпријатијата за соработката во заедницата изнесува 2.7 на скала од 1 до 5, каде што 1 е најлоша оценка, а 5 најдобра оценка. Граѓанските организации ја оценуваат соработката со 2.8, а претпријатијата со 2.5. Подобрувањето на соработката во заедниците и вклучувањето на локалното население во одлучувањето и спроведувањето на иницијативите може да обезбеди жителите да воспостават контрола врз сопствениот развој. Политиките за локалниот развој се централистички уредени, притоа делумно или целосно е исклучена иницијативата на жителите на локалната заедница во процесите на планирање и на одлучување на целите на локалната заедница.

*Како главни бариери во соработката се истакнуваат:*

- *Јасната политичка волја на локалната власт,*
- *Капацитети на локалните институции,*
- *Културата на соработка и добро управување и*
- *Претставничкиот мандат на избраните претставници на локалната самоуправа.*

Најчесто користен метод на соработка е традиционалната соработка, врз основа на конкретни проекти дизајнирани за да се задоволат специфични потреби и истите не се фокусирани на јакнење на капацитетите на институциите.

Овој концепт на соработка има тенденција да биде придружена со силна нееднаквост меѓу актерите, од една страна ,,Инвеститорите'' кои ги диктираат правилата на игра, наспроти

локалните жители кои имаат бенефит од инвестицијата. Овие иницијативи се генерално насочени кон постигнување специфични резултати, и истите се слабо прилагодени кон поттикнување или поддршка на општествените процеси и промени, зајакнување на институциите или подобрување на владеењето. Истите имаат голема зависност од инвеститорот и не се внимава да бидат одржливи на долг рок. Проектот често е дизајниран како изолиран случај кој функционира одделно од остатокот од опкружувањето. Тој има свои цели, ресурси, буџет, временска рамка, правила, како и систем на мониторинг и евалуација кои не се интегрирани во инструментите и механизмите на локалниот развој.

Во насока на поттикнување на локалниот развој, соработката од ниво на проект потребно да се развие на ниво на локални политики, за што е потребно поголемо вклучување на засегнатите чинители во заедницата во процесот донесувањето на одлуките, дефинирање на целите, временскиот период на имплементација, изворот на финансиски средства и управувањето со активностите.

*За да се развие таков вид на соработка потребно е:*

- ► *Институционална посветеност и цврста политичка волја,*
- ► *Вклучување на групите од интерес во стратегиското планирање на локалните политики,*
- ► *Креирање на партнерства,*
- ► *Мониторингот на перформансите да ги вклучи индикаторите за подобрување на институционалните капацитети, и*
- ► *Евалуацијата на резултатите да го вклучи влијанието на граѓанските организации и претпријатијата во остварување на локалните цели на јавните институции.*

Државната поддршка и меѓународните ресурси, исто така, може да бидат клучни за зајакнување на развојот на локалната заедница, која може да нема капацитет да дејствува самостојно. Соработката меѓу локалните и меѓународните актери води до подобрена одржливост на развојните проекти. Локалните жители често имаат големо влијание во нивната заедница и можат да помогнат во промовирањето на развојните иницијативи преку неформални локални мрежи со поголем успех, отколку самостојно делување на меѓународните актери. Решенија за клучните предизвици со кои се соочуваат заедниците може да се најдат преку отворена јавна дебата. Дебатата треба да се одвива на локално ниво, поблиску до проблемите и поединците, затоа што соработката на локално ниво најчесто се прави за решавање на прашања со колективни импликации како што се економски развој, вработување, социјална кохезија и квалитетот на животот.

# Методологија на истражување

Истражувањето на соработката во заедницата се реализира преку собирање и анализа на квалитативни податоци со цел да се добијат информации за перцепцијата на жителите за соработката во заедницата, како и квантитативни методи на собирање на податоци со цел да се добијат информации за статистички податоци и поцеловита слика за состојбата.

Таргетираните региони беа Дебар, Струмица, Скопје и Тетово. Во истражувањето се внимаваше сите региони да бидат приближно подеднакво опфатени.

Како примарни извори на податоци се користеа анкетите на граѓанските организации и претпријатијата. При мапирањето за анкетирањето се користеше критериумот граѓанските организации да бидат активни во локалната заедница, а критериуми врз основа на кои се дефинираа претпријатијата е истите да се општествено одговорни, социјални претпријатија, организации кои прават филантропски донации или на друг неформален начин инвестираат во заедницата преку други неформални модели кои бараат добра соработка во заедницата.

За потребите на истражувањето врз основа на истражување од канцеларија се мапираа 68 активни граѓански организации и 50 претпријатија во таргетираните региони со цел да се добијат релевантни податоци. По доставувањето на прашалниците се добија одговори од 51 граѓански организации и 31 претпријатие.

Со доставување на прашалниците до двете групи од интерес се добија податоци од две различните перспективи т.е. жителите во заедницата претставени преку граѓанските организации како група од интерес во процесот на соработка и од претставниците на претпријатијата како група од интерес за соработката во заедницата и како инвеститори во заедницата.

Собирањето на податоци се направи преку:

- Истражување од канцеларија за мапирање на изворите на податоци
- Прашалник кој се достави до граѓанските организации.
- Прашалник кој се достави до претпријатијата.
- Истражување од канцеларија за индикаторите што ќе се користат при инвестициите во заедницата
- Полуструктуирани интервјуа врз дел од претпријатијата кои беа претходно анкетирани.
- Студии на случај кои се направија врз основа на податоците добиени од интервјуата.

Со анкетирањето на граѓанските организации се имаше примарна цел да се добијат информации за перцепцијата на жителите за соработката во заедницата. Со прашалник кој се достави до граѓанските организации се добија информации за:

- Информираноста на граѓанските организации за потребите на жителите на задниците.
- Потребите на жителите во заедницата.
- Инвестициите во заедницата.
- Соработката на општината и државните институции со жителите, бизнисите и граѓанските организации.

Со анкетирањето на претпријатијата се имаше примарна цел да се добијат информации за перцепцијата на претпријатијата за соработката во заедницата. Со прашалникот кој се достави до претпријатијата се добија податоци за:

- Инвестициите во заедницата од страна на приватниот сектор.
- Придобивките на претпријатијата од инвестицијата во заедницата.
- Потребите на жителите на заедницата.
- Соработката на општината и државните институции со жителите, бизнисите и граѓанските организации.
- Клучните информации за мапирање на можните студии на случај.

По собирањето на податоците, за анализирање се користеше дескриптивна квантитативна метода и квалитативна анализа на содржината на одговорите.

## Наоди од истражувањето

Врз основа на прашалникот одговорен од страна на 51 граѓанска организација и 31 претпријатие од Дебар, Струмица, Скопје и Тетово може да се види дека 45% од испитаниците се добро запознаени со потребите на локалната заедница и 37% се делумно запознаени. Не е голем процентот на локалните граѓански организации и претпријатија што не се запознаени со локалните потреби т.е. 18% . Не постои голема разлика во нивото на запознаеноста со потребите на жителите, помеѓу локалните претпријатија и граѓанските организации.

Исто така, 75% од граѓанските организации сметаат дека жителите се обраќаат кај нив за поддршка или решавање на проблеми во заедницата. Во однос на инвестициите во заедницата 28% од граѓанските организации имаа информации и/или соработувале со претпријатија кои инвестирале во заедницата. Граѓанските организации посочија организации кои инвестираат во заедницата, како на пример ***Покров, Избор, Мај пица ДООЕЛ (Slice), Ефтинија импекс, Кнауф, Диецотек, Еколог, Кипер, Ренова, Даути Комерц, Дукас Компани и Даш Комерц.***

**Графикон 1. Запознаеноста на граѓанските организации и претпријатијата со потребите на локалната заедница**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата**

# Потребите на жителите на заедницата

Од вкупните резултати од анкетата може да се види дека најголема потреба на жителите на задницата е подобрување на состојбата со младите и еднаквост на жените и подобрување на локаната инфраструктура со по 22% од одговорите, по што следува подобрување на здравството со 14%, образованието со 13%, работните места со 12%, социјалните услуги со 11% и животната средина со 5%.

Граѓанските организации сметаат дека најголеми се потребите за подобрување на состојбата со младите и еднаквост на жените со 29%, по што следува локалната инфраструктура и социјалните услуги со по 14%, здравството со 12%, образованието со 11%, работните места со 9% и животната средина и климатските 8%.

Претпријатијата сметаат дека најголеми се потребите за подобрување на локалната инфраструктура со 33%, по што следува здравството со 18%, образованието и работните места со по 16%, состојбата со младите и еднаквост на жените со 10%, и социјалните услуги со 6%.

**Графикон 2. Потребите на жителите во задницата**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата**

Со споредување на одговорите на истото прашање помеѓу граѓанските организации и претпријатијата, може да се види дека постои разлика помеѓу перцепцијата на граѓанските организации и претпријатијата.

Граѓанските организации веруваат дека состојбата со младите и еднаквост на жените е најголем приоритет за што се изјасниле 29 проценти, додека само 10% од претпријатијата ја истакнале оваа потреба. За претпријатијата најголема е потребата од подобрување на локалната инфраструктура која би довела до економски развој.

Во дебарскиот регион на прашањето за потребите на локалната заедница се добија 38 одговори од граѓански организации и претпријатија (имаа можност да одредат два приоритети). Од резултатите може да се види дека најголема потреба на жителите на задницата е подобрување на локаната инфраструктура со 29% од одговорите, по што следува подобрување на состојбата со работните места со 18%, социјалните услуги и здравството со 13%, образованието и состојбата со младите и жените со по 11%, и животната средина и климатските промени со 5%. Од одговорите се гледа дека во дебарскиот регион економскиот развој преку подобрување на локалната инфраструктура и креирање на работни места е приоритет за сите засегнати страни.




**Графикон 3. Потребите на жителите на задницата во дебарскиот регион**

**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата**

Анализирано со споредување на одговорите од граѓанските организации и претпријатијата може да се види дека граѓанските организации поголем дел од својот фокус за развој го ставаат на социјалните услуги и состојбата на младите и еднаквоста на жените за разлика од претпријатијата, додека претпријатијата поголем фокус на потребите ставаат на образованието и работните места.

Во скопскиот регион на прашањето за потребите на локалната заедница се добија 39 одговори од граѓански организации и претпријатија (имаа можност да одредат два приоритети). Од резултатите може да се види дека најголема потреба на жителите на задницата е подобрување на состојбата со младите и еднаквоста на жените со 28% од одговорите, по што следува подобрување на состојбата со образованието со 23%, локалната инфраструктура со 21%, работни места со 13%, здравството со 10%, и социјалните услуги и животната средина со по 3%.

**Графикон 4. Потребите на жителите на задницата во скопскиот регион**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата**

Од одговорите се гледа дека во скопскиот регион постои значителна разлика во перцепцијата помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор во однос на локалната инфраструктура (во износ од 32 процентни поени). За претпријатијата најголем приоритет е локалната инфраструктура, додека за граѓанските организации состојбата со младите и жените и образованието.

Во струмичкиот регион на прашањето за потребите на локалната заедница се добија 25 одговори од граѓански организации и претпријатија (имаа можност да одредат два приоритети).

Од резултатите може да се види дека најголема потреба на жителите на задницата е подобрување на состојбата со младите и еднаквоста на жените со 24% од одговорите, по што следува подобрување на состојбата со образованието и социјалните услуги со по 20%, локалната инфраструктура и здравството со по 12%, и работни места и животната средина со 4%.

**Графикон 5. Потребите на жителите на задницата во струмичкиот регион**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата**

Од одговорите се гледа во струмичкиот регион како и во другите региони постои значителна разлика во перцепцијата помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор во однос на локалната инфраструктура. За претпријатијата најголем приоритет е локалната инфраструктура.

Во тетовскиот регион на прашањето за потребите на локалната заедница се добија 23 одговори од граѓански организации и претпријатија (имаа можност да одредат два приоритети). Од резултатите може да се види дека најголема потреба на жителите на

задницата е подобрување на состојбата со младите и еднаквоста на жените со 26% од одговорите, по што следува подобрување на состојбата со здравството со 17%, локалната инфраструктура, образованието и работните места со по 13%, и социјалните услуги и животната средина со по 9%.

**Графикон 6. Потребите на жителите на задницата во тетовскиот регион**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата**

## Инвестиции на претпријатијата во заедницата

Прашалникот го одговорија 31 претпријатие од Дебар, Струмица, Скопје и Тетово. Основната дејност на претпријатијата е во различни економски сектори и тоа во Градежништво, Дистрибуција на големо и мало, Објекти за сместување и сервисни дејности, Информации и комуникации, Преработувачка индустрија, Стручни, научни и технички дејности, Транспорт и складирање, Трговија на големо и мало, Финансиски дејности и дејности за осигурување, и др.

Од одговорите може да се види дека 16 претпријатија инвестирале во заедницата т.е. 52% од анкетираните. Претпријатијата инвестирале во различни области како што се креирање на работни места за локалното население, образование, локална инфраструктура, спортски и културни активности, заштита на животната средина, помош на ранливите категории на лица, реновирање на домови, обуки на локалното население и др.

Од шеснаесетте претпријатија кои направиле инвестиција во задницата 75% добро ги познаваат потребите на заедницата и сите инвестиции биле за задоволување на нивните потреби. Исто така, 94 проценти т.е. 15 од 16 претпријатија со задоволување на потребите на заедницата имале директно или индиректно остварување на своите деловни цели.

Треба да се има во предвид дека при анализата не се земаше во предвид битноста на инвестицијата во остварување на потребите на претпријатијата, иако кај дел од анкетираните самиот бизнис модел се заснова на задоволување на потребите на заедницата.

Анализата на деловните цели на претпријатијата кои биле остварени при инвестиции во заедницата покажа дека придобивките за претпријатијата кај 31% од одговорите е продуктивноста на локалната сила, 18% е за подобрување на репутацијата, 18% е за конкурентска предност, 16% е управување со ризици на претпријатијата, 11% е следење на глобалните стандарди во индустријата и 7% е пристап до одобренија и капитал.

Иако една инвестиција може да има влијание врз повеќе деловни цели најчесто под придобивки за продуктивноста на локалната работна сила се подразбираат различни видови на обуки на невработените лица, инвестиции во образованието преку купување на книги, стипендии, инвестиции во локаната образовна инфраструктура, професионална рехабилитација на ранливите категории на пазарот на трудот и сл.

Во однос на репутацијата и конкурентската предност најчесто претпријатијата инвестираат со цел да бидат препознаени од локалната заедница како дел од истата и како претпријатија кои се грижат и им помагаат на локалното население. Истото доведува и до подобар пласман на своите производи и услуги кај локалното население.

**Графикон 7. Придобивките на претпријатијата од инвестицијата во локалната заедница**




**Извор: Анкета за соработката на претпријатијата**

Гледано по региони, најмногу инвестициите во заедницата се за обезбедување на подобра работна сила со што би се подобрило деловното опкружување и претпријатијата би можеле да имаат непречен раст.

Од податоците може да се види дека со инвестициите на претпријатијата во дебарскиот регион пред се влијаат на подобра репутација со 32% и се подобрува продуктивноста кај локалното население со 26%. Исто така, инвестициите влијаеле врз ризиците на претпријатијата со 16%, пристап до одобренија и капитал со 16%, и конкурентска предност со 11%.

Во скопскиот регион со инвестициите се подобрила продуктивноста на работната сила во 33% од случаевите, а во 17% од случаевите со инвестицијата се влијаело врз репутацијата, пристапот до одобренија и капитал, конкурентска предност и управувањето со ризиците.

Во струмичкиот регион влијанието врз деловните цели во 33% од одговорите било за подобрување на продуктивноста на работната сила, во 22% за конкурентска предност и следење на глобалните стандарди во индустријата, во 11% од одговорите за  репутација и управување со ризици.

Во тетовскиот регион 40% од инвестициите влијаеле врз продуктивноста на работна сила, а 20% врз репутацијата, конкурентската предност и управувањето со ризици.

**Графикон 8. Придобивките на претпријатијата од инвестицијата во локалната заедница по региони**




**Извор: Анкета за соработката на претпријатијата**

Од анализата на инвестициите во приватниот сектор по региони може да се види дека најголем дел од инвестициите се насочени кон пазарот на трудот и истите се засноваат на неадекватност на понудата и побарувачката. Истите ја истакнуваат слабата соработка на приватниот сектор со јавните институции на локално ниво.

## Соработката во заедницата

Истражувањето на соработката во заедницата се реализира преку собирање и анализа на квалитативни податоци со цел да се добијат информации за перцепцијата за соработката помеѓу локалната власт, граѓанските организации, жителите и претпријатијата, како клучни актери за соработка во заедницата. Исто така се добија и квалитативни податоци од претпријатијата и граѓанските организации засновани на нивното искуство се со цел поцеловита слика за состојбата.

Со доставениот прашалник се добија квантитативни информации од граѓанските организации и претпријатијата кои можеа да ја оценат соработката со оценка од 1 до 5, каде што 1 преставува незадоволително, а оценката 5 одлично. Исто така, граѓанските организации и претпријатијата можеа да образложат зошто се задоволни или зошто не се задоволни од соработката, со што се добија квалитативни податоци за соработката на локално ниво.

Прашалникот го одговорија 82 организации од кои 51 граѓанска организација и 31 претпријатие.

Просечната оценка на перцепцијата на граѓанските организации и претпријатијата за соработката во заедницата изнесува 2.7 на скала од 1 до 5. Граѓанските организации ја оценуваат соработката со 2.8 ,а претпријатијата со 2.5.

Од вкупните одговори на граѓанските организации и претпријатијата може да се види дека, 22% од ја оценуваат состојбата со оценка 1, 19% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 33% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 19% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 7% ја оценуваат со оценка 5.

Кај одговорите на граѓанските организации, 19% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 17% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 37% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 19% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 9% ја оценуваат со оценка 5. Просечната оценка изнесува 2.8.

Кај одговорите на претставниците на претпријатијата 29% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 23% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 26% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 20% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 3% ја оценуваат со оценка 5. Просечната оценка изнесува 2.5 на скала од 1 до 5.

**Графикон 9. Перцепција за соработката во заедницата на претставниците на претпријатијата и граѓанските организации**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата, како и пресметки на авторот врз основа на податоците од анкетите**

Од графиконот може да се види дека соработката на граѓанските организации и претпријатијата е на слабо ниво. Оценката за соработката на граѓанските организации е незначително подобра во однос на оценката на претпријатијата и тоа за 3 процентни поени. Само едно претпријатие ја оценила соработката со оценка 5.

Дел од граѓанските организации сметаат дека општините во своите годишни буџети не обезбедуваат доволно средства за граѓанскиот сектор, дека нема политичка волја за соработка, соработката не е редовна, општините не ги гледаат граѓанските организации како партнери, соработката ја дефинираат врз основа на политичката припадност, и дека не постои култура на соработка.

Помал дел од граѓанските организации сметаат дека соработката е добра и заеднички учествуваат на проекти со кои ги решаваат проблемите на граѓаните, дека секогаш се расположени за соработка, како и дека има добра соработка за решавање на проблемите со младите, неформалното образование и еколошки акции.

Мислењето на граѓанските организации поцеловито може да се претстави преку следниве две мислења на граѓанските организации.

*„Претходните години имало воспоставена пракса за соработка помеѓу институциите и граѓанскиот сектор преку годишна програма во која биле вклучени повици за проекти, соработка на стратегии, заеднички активности и слично, но во последните години ситуацијата се променила и моментално соработката со граѓанскиот сектор е сведена на покани доколку им се потребни статисти за некој настан или доколку организацијата има проектни активности преку кои институциите ќе можат да ги користат за сопствена промоција или за да кажат декларативно дека има соработка. Дел од локални средства кои претходно биле достапни за граѓанските организации сега се пренаменети кон спортските клубови (кои се регистрирани како здруженија или сл.). Постојат и исклучоци и тоа пред се се должи само на менаџерите на тие институции кои се свесни за потребата од соработка " – Граѓански сектор*

*„Соработката на институциите варира од самата конкретна институција, некои институции се отворени кон граѓаните, бизнисот и граѓанските организации, со кои се воспоставени солидни односи, почнувајќи од меморандуми на соработка, па се до конкретни активности во различни проекти, инцијативи и акции. Но, поголем дел на институциите, особено локалните, не се постојано отворени до ниво на директна и продуктивна соработка. Освен потешкотиите во процесот на воспоставување односи и контакти, постојат и административни, бирократски предизвици, одвлекување на процеси поврзани директно со нивното дејствување, кои како последица, имаат влијание при имплементација на иницијативи и конкретни проекти, имајќи предвид дека таквите проекти вообичаено се ограничени со временска рамка" - Граѓански сектор*

Од графиконот број 9 може да се види дека перцепцијата на претпријатијата за соработката е на слабо ниво.

Поголем дел од претпријатијата сметаат дека заложбите за соработка завршуваат со ветување и без реални активности, дека се фаворизираат политичките истомисленици, државните институции се многу затворени за граѓаните и граѓаните имаат многу мала доверба во институциите, нема континуитет во соработката, и дека имаат слаби капацитети за соработка. Помал дел од претпријатијата сметаат дека има добра соработка во областа на животната средина, уметноста и културата, како и грантови за отпочнување на нови бизниси.

Анализирано на регионално ниво во дебарскиот регион просечна оценка за соработката во заедницата изнесува 2.6. Кај претпријатијата просечната оценка за соработката е 2.5, а кај граѓанските организации 2.7. Од сите одговори, 33% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 13% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 21% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 29% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 4% ја оценуваат со оценка 5. Кај одговорите на граѓанските организации 38% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 8% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 23% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 23% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 8% ја оценуваат со оценка 5. Просечната оценка изнесува 2.7. Кај одговорите на претставниците на претпријатијата, 27% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 18% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 18% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 26% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 0% ја оценуваат со оценка 5. Просечната оценка изнесува 2.5 на скала од 1 до 5.

**Графикон 10. Перцепција за соработката во заедницата на претставниците на претпријатијата и граѓанските организации во дебарскиот регион**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата, како и пресметки на авторот врз основа на податоците од анкетите**

Од графиконот може да се види дека соработката на граѓанските организации и претпријатијата е на слабо ниво. Оценката за соработката на граѓанските организации е незначително подобра во однос на оценката на претпријатијата и тоа за 0.2 поени. Ниту едно претпријатие не ја оценила соработката со оценка 5.

Граѓанските организации сметаат дека соработката е слаба, не се информирани за активностите на локалната заедница и дека надлежните не се грижат за потребите на жителите. Како позитивен пример ги презентираат чистењето на дебарското езеро и дивите депонии.

Претпријатијата сметаат дека соработката е слаба и дека нема институционални капацитети, дека не преземаат мерки и дека се фаворизираат луѓето кои се политичките истомисленици, додека ги препознаваат еколошките акции како позитивен пример.

Во скопскиот регион просечна оценка за соработката во заедницата изнесува 2.6. Кај претпријатијата просечната оценка за соработката е 2.5, а кај граѓанските организации 2.7. Од сите одговори, 18% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 18% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 50% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 14% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 0% ја оценуваат со оценка 5.

Кај одговорите на граѓанските организации, 23% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 8% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 54% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 15% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 0% ја оценуваат со оценка 5.

Просечната оценка изнесува 2,7. Кај одговорите на претставниците на претпријатијата 11% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 33% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 44% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 11% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 0% ја оценуваат со оценка 5. Просечната оценка изнесува 2.5 на скала од 1 до 5.

**Графикон 11. Перцепција за соработката во заедницата на претставниците на претпријатијата и граѓанските организации во скопскиот регион**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата, како и пресметки на авторот врз основа на податоците од анкетите**

Од графиконот може да се види дека соработката на граѓанските организации и претпријатијата е на слабо ниво. Оценката за соработката на граѓанските организации е незначително подобра во однос на оценката на претпријатијата и тоа за 0.2 поени. Ниту едно претпријатие и граѓанска организација не ја оценила соработката со оценка 5.

Граѓанските организации сметаат дека соработката е слаба, нема редовна комуникација, нема култура за соработка помеѓу јавните институции, претпријатијата и граѓанските организации. Како позитивни примери ја истакнуваат соработката во неформалното образование и обезбедувањето на простории за работа.

Претпријатијата сметаат дека иницијативите завршуваат по неколку состаноци и дека често се менуваат ингеренции и надлежности на лицата во општините и државните институции што влијае на континуитетот на соработка. Како позитивен пример се истакнува соработката за подобрување на условите во образовните институции.

Во струмичкиот регион просечна оценка за соработката во заедницата изнесува 3.5. Кај претпријатијата просечната оценка за соработката е 3.0, а кај граѓанските организации 3.8. Од сите одговори, 8% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 8% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 31% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 31% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 23% ја оценуваат со оценка 5. Кај одговорите на граѓанските организации 0% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 6% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 35% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 29% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 29% ја оценуваат со оценка 5. Кај одговорите на претставниците на претпријатијата 22% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 11% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 22% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 33% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 11% ја оценуваат со оценка 5.

Од графиконот 12 може да се види дека соработката на граѓанските организации и претпријатијата е на подобро ниво во однос на другите општини. Оценката за соработката на граѓанските организации е подобра во однос на оценката на претпријатијата и тоа за 0.8 поени.

**Графикон 12. Перцепција за соработката во заедницата на претставниците на претпријатијата и граѓанските организации во струмичкиот регион**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата, како и пресметки на авторот врз основа на податоците од анкетите**

Граѓанските организации се задоволни од соработката и истакнуваат дека локалната власт е спремна за соработка. Претпријатијата сметаат дека треба да има подобра соработка со претпријатијата, а како позитивен пример ги истакнуваат грантовите за отпочнување на нови бизниси.

Анализирано на регионално ниво во тетовскиот регион просечна оценка за соработката во заедницата изнесува 1.9. Кај претпријатијата просечната оценка за соработката е 1.8, а кај граѓанските организации 2.0. Од сите одговори 37% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 42% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 16% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 5% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 0% ја оценуваат со оценка 5. Кај одговорите на граѓанските организации 27% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 55% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 18% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 0% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 0% ја оценуваат со оценка 5. Кај одговорите на претставниците на претпријатијата 50% од испитаниците ја оценуваат состојбата со оценка 1, 25% ја оценуваат состојбата со оценка 2, 13% ја оценуваат состојбата со оценка 3, 13% ја оценуваат состојбата со оценка 4 и 0% ја оценуваат со оценка 5.

**Графикон 12. Перцепција за соработката во заедницата на претставниците на претпријатијата и граѓанските организации во тетовскиот регион**




**Извор: Анкета за соработката на граѓанските организации и Анкета за соработката на претпријатијата**

Од графиконот може да се види дека соработката на граѓанските организации и претпријатијата е на многу слабо ниво. Оценката за соработката на граѓанските организации е незначително подобра во однос на оценката на претпријатијата и тоа за 0.2 поени. Ниту едно претпријатие и граѓанска организација не ја оценила соработката со оценка 5. 79% од сите одговори се со оценка 1 или 2.

Граѓанските организации сметаат дека соработката е многу слаба и дека јавните институции не ги гледаат како партнери и дека има фаворизирање на политичките истомисленици. Претпријатијата сметаат дека соработката е многу слаба и дека институции се многу затворени за соработка и граѓаните имаат многу мала доверба во институциите.

**Анекс 1. Прашалник за граѓанските организации**

1. Назив на организација | Emri i organizatës: *

Your answer

2. Општина на дејствување | Komuna e veprimit: *

Your answer

3. Дали располагате со информации за потребите на жителите на локалната заедницата ? | A keni informacion mbi nevojat e banorëve të komunitetit lokal? *

- Да | Po
- Не | Jo
- Делумно | Pjesërisht

4. Дали граѓаните се обраќаат кај невладините организации за поддршка или решавање на нивните проблеми во заедницата? | A drejtohen qytetarët drejt sektorit joqeveritar për mbështetje ose zgjidhjen e problemeve të tyre në komunitet? *

- Да | Po
- Не | Jo
- Немам информации | Nuk kam informata

5. Во која област ги идентификувате потребите на жителите на заедницата ? (максимално 2 одговори) | Në cilën fushë identifikoni nevojat e banorëve të komunitetit?(maksimum 2 përgjigje) *

- [ ] Локална инфраструктура | Infrastruktura lokale
- [ ] Подобрување на состојбата на младите и еднаквост на жените | Përmirësimi i gjendjes së të rrinjve dhe barazia e grave
- [ ] Здравство | Shëndetësi
- [ ] Образование | Arsimi
- [ ] Работни места | Vendet e punës
- [ ] Социјални услуги | Shërbimet sociale
- [ ] Other: ____________

6. Дали имате сознанија за претпријатие кое направило инвестиции за задоволување на социо-економските потреби на жителите во локалната заедницата? | A keni njohuri për ndonjë kompani që ka bërë investime për të plotësuar nevojat socio-ekonomike të banorëve në komunitetin lokal? *

- ( ) Да | Po
- ( ) Не | Jo
- ( ) Немам информации | Nuk kam informata

Ако одговорот од прашање бр.6 е Да, Ве молиме објаснете | Nëse përgjigja e pyetjes 6 është Po, ju lutemi shpjegoni:

Your answer ____________

7. Дали сте задоволни од соработката на општината и државните институции со граѓаните, бизнисите и невладините организации? | A jeni të kënaqur me bashkëpunimin e komunave dhe institucioneve shtetërore me qytetarët, sipërmarrjet dhe sektorin joqeveritar? *

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Незадоволни \| Të pakënaqur | ○ | ○ | ○ | ○ | ○ | Задоволни \| Të kënaqur |

Ако одговорот е „Задоволни", Ве молиме наведете примери на соработка | Nëse përgjigja është "Të kënaqur", ju lutemi jepni shembuj bashkëpunimi:

Your answer

Ако одговорот е „Незадоволни", Ве молиме наведете зошто сметаат дека соработката не е задоволителна | Nëse përgjigja është "Të pakënaqur", ju lutemi tregoni pse e konsideroni këtë bashkëpunim të pakënaqshëm:

Your answer

## Анекс 2. Прашалник за претпријатијата

1. Назив на претпријатието | Emri i sipërmarrjes: *

Your answer

2. Седиште на претпријатието | Vendndodhja e sipërmarrjes: *

Your answer

3. Економски сектор | Sektori Ekonomik: *

Your answer

4. Локација на работење | Lokacioni i veprimtarisë: *

Your answer

5. Дали Вашето претпријатие има направено инвестиции, со кои истовремено помогнала на локалните жители? | A ka bërë kompania juaj investime, me të cilat në të njejtën kohë ka ndihmuar banorët? *

◯ Да | Po

◯ Не | Jo

Ако одговорот од прашање бр.5 е Да, Ве молиме објаснете на кој начин инвестицијата помогнала за задоволување на потребите на локалната заедница | Nëse përgjigja e pyetjes 5 është Po, ju lutemi shpjegoni sesi investimi ka ndihmuar në plotësimin e nevojave të komunitetit lokal: *

Your answer

6. Кои се придобивките од инвестицијата за остварување на деловните цели на претпријатието?(најмногу 2 одговори) | Cilat janë përfitimet e investimit për të arritur qëllimet e biznesit të kompanisë? (Maksimum 2 përgjigje) *

- [ ] Продуктивноста на локална работна сила | Produktiviteti i fuqisë punëtore lokale
- [ ] Репутација | Reputacioni
- [ ] Управување со ризиците | Menaxhimi me rreziqet
- [ ] Конкурентска предност | Përparësi konkurruese
- [ ] Неформално прифаќање/дозвола на бизнис операциите од локалната заедница | Pranimi / autorizimi joformal i operacioneve të biznesit nga komuniteti lokale
- [ ] Можност за искористување на земјиште | Mundësia për përdorimin e tokës
- [ ] Одобрувања/дозволи од Владатан | Miratimet / lejet nga Qeveria
- [ ] Следење на глобалните стандарди во индустријата | Ndjekja e standardeve globale të industrisë
- [ ] Пристап до одобренија и капитал | Qasja në miratimet dhe kapitalin
- [ ] Other: ____

7. Дали располагате со информации за потребите на жителите на локалната заедницата ? | A keni informacion mbi nevojat e banorëve të komunitetit lokal? *

- ◯ Да | Po
- ◯ Не | Jo
- ◯ Делумно | Pjesërisht

8. Во која област ги идентификувате потребите на жителите на заедницата ? (максимално 2 одговори) | Në cilën fushë identifikoni nevojat e banorëve të komunitetit?(maksimum 2 përgjigje) *

- ☐ Локална инфраструктура | Infrastruktura lokale
- ☐ Подобрување на состојбата на младите и еднаквост на жените | Përmirësimi i gjendjes së të rinjve dhe barazia e grave
- ☐ Здравство | Shëndetësi
- ☐ Образование | Arsimi
- ☐ Работни места | Vendet e punës
- ☐ Социјални услуги | Shërbimet sociale
- ☐ Other: ____________

9. Дали сте задоволни од соработката на општината и државните институции со граѓаните, бизнисите и невладините организации? | A jeni të kënaqur me bashkëpunimin e komunave dhe institucioneve shtetërore me qytetarët, sipërmarrjet dhe sektorin joqeveritar? *

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Незадоволни \| Të pakënaqur | ◯ | ◯ | ◯ | ◯ | ◯ | Задоволни \| Të kënaqur |

Ако одговорот е „Задоволни“, Ве молиме наведете примери на соработка | Nëse përgjigja është "Të kënaqur", ju lutemi jepni shembuj bashkëpunimi:

Your answer

Ако одговорот е „Незадоволни“, Ве молиме наведете зошто сметаат дека соработката не е задоволителна | Nëse përgjigja është "Të pakënaqur", ju lutemi tregoni pse e konsideroni këtë bashkëpunim të pakënaqshëm:

Your answer

Доколку Вашата компанија инвестирала во заедницата Ве молиме со клик на ДА да продолжите во вториот дел на прашалникот. Доколку Вашата компанија не ивестирала во заедницата Ве молиме со НЕ да го завршите прашалникот. | Nëse sipërmarrja juaj ka investuar në komunitet, ju lutemi klikoni PO për të vazhduar në pjesën e dytë të pyetësorit. Nëse sipërmarrja juaj nuk ka investuar në komunitet ju lutemi klikoni JO për të përfunduar pyetësorin. *

Ви благодариме за вашиот придонес | Ju faleminderit për kontributin tuaj

- ○ Да | Po
- ○ Не | Jo

Издавач: Фондација АЛбиз
www.albiz.org.mk
info@albiz.org.mk
+389 2 2057 632
Ул20, бр.97 Сарај, Скопје
Република Северна Македонија